Република Македонија
МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ

# Предлог на закон за изменување на Законот за инвестициски фондови

Скопје, __.___.  2013 година

# ВОВЕД

I.Оцена на состојбите и причини за донесување на законот

Со Законот за прекршоците се уредува постапката за спогодување, се воведуваат нови рокови за застареноста на поведување и водење на прекршочна постапка и за застареноста на извршувањето на прекршочните санкции. Во Законот за инвестициски фондови различно е уредена постапката за посредување, поточно постапката за спогодување, и утврдени се различни рокови за застареноста на поведување и водење на прекршочна постапка и за застареноста на извршувањето на прекршочните санкции. Заради тоа, потребно е да се направи измена на Законот за инвестициски фондови со цел усогласување со Законот за прекршоците.

II. Цели, начела и основни решенија на предлогот на закон

Донесувањето на Законот за изменување на Законот за инвестициски фондови е со цел усогласување на постојниот закон со новиот закон за прекршоци.

Предлогот на Законот за изменување на Законот за инвестициски фондови се заснова врз истите начела врз кои се заснова и постојниот закон.

Основни решенија на предлог законот се:

-уредување на постапката на спогодување,
-воведување на можност за поднесување на жалба против решенијата на прекршочниот орган до новоформираната Државната комисија за одлучување во втор степен во областа на инспекцискиот надзор и прекршочната постапка и
-уредување на роковите за застареноста на поведување и водење на прекршочна постапка и за застареноста на извршувањето на прекршочните санкции.

III.Оцена на финансиските последици од предлогот на закон врз Буџетот и другите јавни финансиски средства

Донесувањето на овој закон нема да има импликации врз Буџетот на Република Македонија.

IV.Процена на финансиските средства потребни за спроведување на законот и начинот на нивното обезбедување, како и податоци за тоа дали спроведувањето на законот повлекува материјални обврски за одделни субјекти

Спроведување на законот не повлекува обезбедување на финансиски средства, ниту повлекува материјални обврски за одделни субјекти.

V. Усогласеност на предлогот на закон со правото на европската унија
/

VI. Потреба од донесување на подзаконски акти врз основа на овој закон
/

П Р Е Д Л О Г НА ЗАКОН
за изменување на Законот за инвестициски фондови

Член 1

Во Законот за инвестициски фондови ("Службен весник на Република Македонија" бр. 12/2009, 67/2010 и 24/2011) насловот на членот 137 и членот 137 се менуваат и гласат:

„Постапка за спогодување

Член 137

(1)За прекршоците утврдени во овој закон, овластените лица за спроведување на контрола и надзор од страна на Комисијата, во рамки на своите овластувања, можат на сторителот на прекршокот да му понудат постапка на спогодување согласно одредбите од Законот за хартии од вредност."

Член 2

Насловот пред членот 137-а и членот 137-а се бришат.

Член 3

Во членот 146 ставот (1) се менува и гласи:

„(1) Прекршочна постапка не може да се поведе ниту да се води ако поминат три години од денот кога е сторен прекршокот."

Ставот (2) се брише.

Ставовите (3), (4), (5), (6) и (7) стануваат ставови (2), (3), (4), (5) и (6).

Во ставот (8) кој станува став (7) зборот „четири" се заменува со зборот „шест".

Член 4

Во членот 146-а во ставот (1) зборовите „помине една година" се заменуваат со зборовите „поминат три години".

Во ставот (6) зборот „две" се заменува со зборот „шест".

Член 5

Прекршочните постапки кои се започнати до денот на отпочнувањето со примената на овој закон ќе завршат согласно со одредбите од Законот за хартии од вредност („Службен весник на Република Македонија“ бр. 95/2005, 25/2007, 7/2008, 57/2010,135/2011 и 13/2013), во рок од шест месеци од денот на отпочнување со примена на овој закон.

Член 6

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“, а ќе отпочне да се применува со денот на отпочнувањето на примената на Законот за прекршоците („Службен весник на Република Македонија“ бр. __________/13).

Образложение:

I. Објаснување на содржината на одредбите на предлогот на законот

Измените на Законот за инвестициски фондови се во насока на усогласување на постојниот закон со Законот за прекршоци.

Со постојната законска регулатива е уредена постапката на спогодување при што се врши повикување дека за постапката за спогодување се применуваат одредбите од Законот за хартии од вредност што се однесуваат на постапката за спогодување. Со измената се врши терминолошко усогласување на постапката за спогодување која е уредена со постојниот закон со законот за прекршоци.

Со членот 2 од предлог законот се брише членот 137-а од постојниот закон со кој е уредена постапката за порамнување и платен налог. Ова се предлага од причина што од забрзаните постапки уредени во законот за прекршоци се избира постапката за спогодување.

Со членовите 3 и 4 од предлог законот се уредува застареноста на поведување и водење на прекршочна постапка и на извршувањето на прекршочните санкции во делот на роковите односно за застареноста на поведување и водење на прекршочна постапка и за застареноста на извршувањето на прекршочните санкции се воведува рокот од три години.

II. Меѓусебна поврзаност на решенијата содржани во предложените одредби

Одредбите кои се предлагаат во Предлог на законот се во меѓусебна поврзаност со одредбите од основниот закон.

III. Последици што ќе произлезат од предложените решенија

Со донесувањето на Предлогот на Законот за изменување на Законот за инвестициски фондови се постигнуваат целта за усогласување на постојниот закон со новиот закон за прекршоци.

ИЗВОД ОДРЕДБИ
од Законот за инвестициски фондови што се изменуваат

Посредување

Член 137

(1)За прекршоците од членовите 138, 138-а, 139, 139-а, 140, 141, 142, 142-а, 142-б и 143, овластените лица за спроведување на контрола и надзор од страна на Комисијата, во рамки на своите овластувања, можат на сторителот на прекршокот да му понудат посредување и постигнување согласност со која сторителот на прекршокот треба да ја плати глобата, другите давачки или да ги отстрани последиците од прекршокот.

(2)За постапката за посредување се применуваат одредбите од Законот за хартии од вредност што се однесуваат на постапката за посредување.

Порамнување и платен налог

Член 137-а

(1) За прекршоците утврдени во овој закон овластените лица за спроведување на контрола од страна на Комисијата, при констатирање на прекршокот, должни се на сторителот на прекршокот да му предложат постапка на порамнување, пред да го поднесат барањето за прекршочна постапка.

(2) Постапката за порамнување е задолжителна.

(3) Доколку овластеното лице од ставот (1) на овој член констатира прекршок, должно е да состави записник во кој ќе ги забележи сите битни елементи на дејствието од кое произлегува правното обележје на прекршокот, времето, местото и начинот на сторување на прекршокот, описот на дејствието и лицата затекнати на самото место.

(4)Ако сторителот на прекршокот го признае прекршокот, овластеното лице од ставот (1) веднаш му издава платен налог и тоа дополнително го забележува во записникот од ставот (3) на овој член.

(5)Овластеното лице од ставот (1) на овој член е должно да му понуди на сторителот на прекршокот да го потпише записникот.

(6) Доколку сторителот на прекршокот ја плати глобата во рок од осум дена од приемот на платниот налог, ќе плати само половина од глобата.

(7) Во постапката која ќе заврши со издавање на платен налог не се плаќаат трошоци на постапката.

(8) По истекот на рокот од осум дена предвиден за плаќање на платниот налог, во случај да не е платен налогот, овластеното лице од страна на Комисијата за хартии од вредност поднесува барање за поведување на прекршочна постапка до Прекршочната комисија при Комисијата за хартии од вредност.

(9) За спроведените постапки за порамнување, овластеното лице од ставот (1) на овој член е должно да води посебна евиденција.

Член 146

Застареност на поведување и водење на прекршочна постапка

(1) Прекршочна постапка не може да се поведе по истекот на две години од денот кога е сторен прекршокот.

(2) Прекршочна постапка не може да се води по истекот на три години од денот кога е сторен прекршокот.

(3) Застарувањето на прекршочното гонење започнува од денот кога е сторен прекршокот.

(4) Застарувањето не тече за времето за кое според законот гонење не може да започне или да продолжи.

(5) Застарувањето се прекинува со секое процесно дејствие што се презема заради гонење на сторителот на прекршокот.

(6) Застарувањето се прекинува и кога сторителот во времето додека тече рокот на застареноста стори, исто така, тежок или потежок прекршок.

(7) По секој прекин застарувањето започнува повторно да тече.

(8) Застареност на прекршочното гонење настанува во секој случај по истекот на четири години од денот кога е сторен прекршокот.

Застареност на извршувањето на прекршочните санкции

Член 146-а

(1) Изречената прекршочна санкција не може да се изврши ако од денот на правосилноста на одлуката за прекршокот помине една година.

(2) Застарувањето на извршување на прекршочната санкција започнува да тече од денот кога одлуката за прекршокот станала правосилна.

(3) Застарувањето не тече за времето за кое извршувањето не може да се преземе според закон.

(4) Застарувањето се прекинува со секое дејствие на надлежниот орган што се презема заради извршување на прекршочната санкција.

(5) По секој прекин застарувањето почнува повторно да тече.

(6) Застареност на прекршочната санкција настанува во секој случај по истекот на две години од денот на правосилноста на одлуката за прекршокот.